## Конфликтите низ призма на човековите права

Војните во Украина, Израел, и појасот Газа предизвикуваат спротивставени реакции кај граѓаните на Струмица. Затоа, од суштинска важност е да не се забораваат цивилизациските вредности кои сме ги постигнале и вредностите на Европската Унија кон кои се стремиме. Струмичани, без разлика на вера и етнос, треба да се обединети во **емпатијата за сите невини цивили** во Украина, Израел, Газа и Западниот Брег. Говорот на омраза на социјалните мрежи и селективна осуда на насилство над цивили или поддршка на насилство, може да води кон поделби и радикализација во нашето општество.

За да се создаде посилно чувство на емпатија и да се сфати дека омраза и одмазда водат кон нови страдања, струмичани треба да се потсетат на интензивните страдања кои се случиле во Струмица од 1912 до 1951 година. Страдањата на нашите предци немало да се случат доколку човековите права биле заштитени на начин како што сега е регулиран во декларации, резолуции, повелби и одлуки на ООН и ЕУ. Таа мисла треба да не води кон **заложба да се почитуваат човековите права во било кој конфликт, без разлика на идентитетот на цивилите кои се загрозени**. Емпатија и рационалност во постапките и зборовите може да не направи подобри и сплотени.

Историски примери кои ќе бидат наведени треба да создадат лична врска на струмичани со страдања на нивните предци во 20-тиот век и подобро сваќање на жртвите на конфликтите денес. Примерите не се посочени да судат и покажат некого во добро или лошо светла или да судат за настаните на основа на денешни закони и вредности. Тие имаат за цел да укажат дека омраза и поделби создаваат услови за злосторства, а злосторства и одмазда раѓаат нови злосторства, омраза и поделби. Примерите треба да создадат емоции за емпатија за жртвите, како и да иницираат размислувања за важноста на постоење на човековите права заштитувани од вистинските демократии.

Генералното Собрание на ООН во 1948 има донесено Конвенцијата против тортура и друго сурово и нехумано или деградирачко третирање или казна



Слика од Струмица во период на Балканските Војни

# Струмичко 1912

**С. Куклиш** е целосно уништено со артилериски оган. Гога Китанова била жива изгорена, Гоце Полев бил врзан и печен на жар, Георге Црнгаров бил мачен и убиен

**С. Костурино** – На Анета Тенкова и била отсечена раката, а Томе Павлов, Павле Тимчов и Коле Тачев биле сосечени на парчиња

Неформален воен суд НА СМРТ осудил 3000-4000 лица

Во просек, еден од десет судени бил ослободуван

Мустафа Кемал во Струмица, 1911 година



Омраза на расна и верска основа, одмазда и алчност предизвикале спирала на големи страдања во Струмица во 1912 година

Злосторствата сторени од една страна, предизвикале уште поголеми злосторства од противниците

**Основни човекови права според Повелба на ЕУ:**

Член 1

човечкото достоинство е неповредливо…

Член 2

никој не може да биде осуден на смрт или егзекутиран



Струмица во период на Балканските Војни

# Струмичко 1913

**С. Куклиш –** Селото било ограбено и биле одземени 5-6000 грла стока. Јавно и групно била силувана Катерина Хаџиева

**С. Костурино** – Убиени биле малолетниците Атанас Наков и Атанас Бачев

**С. Просениково-** групно биле силувани Ана Мирчева, Елена Чаушева, Божана Христова, Марија Христова, Роса Христова, Донка Танова, Ката Арабаџиева, Мара Арабаџиева, Трајанка Попчева и Николина Гоцева

Убиен бил Христо Арабаџиев

**С. Дабиље-** 50 куќи биле запалени

**С. Нивичино-** Биле ограбени/одземени околу 28,000 грла добиток

Силувани биле Султана Крчова, Гуна Крчова и Магда Николова

Биле искасапени и убиени Георги Солаков, Митко Калаџиски, Георги Алексов, Петруш Трајанов и Панде Рујков

Струмица – Патријаршиско училиште, 1903



Етничките и верски разлики биле причина за продолжување на серија злосторства против животот, честа и имот на струмичани

Четвртата Женевска конвенција
12 август 1949

Цивилите подлежат на заштита кога, како резултат на меѓународен вооружен конфликт или при окупација, ќе се најдат во рацете на страна која не е од иста националност



Струмица после опожарувањето 1913 година

# Струмичко 1913

**Струмица**- 21-23 август

запален бил поголем дел од градот, граѓаните биле ограбувани а жени силувани, без разлика на вера и етнос, вклучително христијанки, муслиманки и еврејки

Голем дел од струмичани биле преселени во Кукуш

Струмица – Патријаршиско училиште, 1903



Пред Балканските војни, Струмица била град од околу 20,000 жители, а после нив бројот на население изнесувал околу 10,000 жители

**Основни човекови права според Повелба на ЕУ**

Член 21

Забранета е секоја форма на дискриминација основана на пол, раса, боја на кожа, етничко или социјално потекло..., јазик, религија...



Струмичка чета на ВМРО

# Струмичко 1919-1934

**Струмица-** Во 1919 година околу **30% од Струмичани ја напуштаат Струмица**.

Од 1920 до 1934 година во Струмица и Струмичко од страна на претставници на државата се убиени голем број лица на суров начин

На пример, Дончо Лазаров бил измачуван и закопан жив, Томе Кујумџиев бил убиен на улица, Атанас Скрнаков бил обесен Трајчо Барбутов, Мите Мановски и Андон Попов биле изболени, им биле отсечени стапалата и биле живи закопани




Во 1919 година Струмица од град со 9,000 жители изгубил околу 3,000 жители кои се иселиле од градот поради промена на власта

Универзалната декларација за човековите права од 1948 година Член 5

„никој не смее да биде подложен на мачење или на свирепа, нечовечна или понижувачка постапка или казна“



Слика од излет на членови на „Реља Крилатица“, здружение на чие чело од 1937 година бил Борис Цонев/иќ

# Струмичко 1919-1934

**С. Дабиле-** Убиен бил Михајло Маџиров

**С. Робово-** убиен бил Кољо Муканов

Во **1923** повеќето жени во с. **Моноспитово, с. Свидовица, с. Барбарево, с. Стиник, с. Дражево, с. Колешино, с. Коњарево, с. Смолари** биле силувани, а мажите претепани

**С. Банско-** Убиен бил Исмаил Дервишов

**С. Добрашинци-** убиени биле Ќамил Чаушев и Мула Амет

Струмица, објект Српски Краљ, тогаш во сопственост на Илија Кацарски, а сега објект во кој е сместена Про Кредит Банка



Недемократска власт, омраза на расна и верска основа, одмазда и алчност предизвикале огромни страдања

**Смртната казна е забранета во ЕУ и е предуслов за членство во Советот на Европа**



Полицајац с нашега Југа, неустрашиви гонитељ бугарских бандита, дресирани вучјак жандармеријског вода у Струмици, извршио је наредбу, заболелан је и, кун поверена иако вазда неповерљив, гледа у будућност.

— Снимак Илије Вртевића (Фото-Атеље), Струмица —

## Струмичко 1919-1934

**с. Штука** – убиени биле Вангел Пујразов и Георги Василев

**с. Рич** – убиени биле Арсо Павлов, Тимо Тасев, Мило Велков и Трајко Кончалиев

**с. Зубово** – убиен бил Сократ Тодоров

**с. Мокрино** – убиен бил Лазар Бараков

**с. Василево** – убиен бил Глигор Арнаудов

**с. Секирник** – убиен бил Нако Делев

Георги Вндев, лидер на четата на ВМРО во Струмичко во период меѓу двете светски војни



Недемократска и авторитарна власт и омраза на етничка основа резултирале во насилство врз невооружени цивили

**Основни човекови права според Повелба на ЕУ:**

Член 17

...никој не може да биде лишен од негова сопственост...



## Струмичко 1919-1941

**Биле одземени големи имоти од:**

**с. Еднокуќево** – Мишо Ангелов, Владимир Гонев, Ѓорги Гогов

**с. Босилово** – Жоржи Стојанџиев и Иљо Димитрев

**с. Радово** – Гоце Илиев и Киро Стојанов

**с. Ангелци** – Туше Донев и Стојан Наќев

**с. Сарај** – Мицо Јанев

**с. Петралинци** – Кирил Христов и Ристо Делев

**с. Секирник** – Стефан Минов и Гоце Гегов

Свиларска Банка, Струмица



Етничка припадност била основа за одземање на имот од една етничка група и доделување имот на друга

Основни вредности на ЕУ се човечкото достоинство, слободата, еднаквоста, владеење на правото и почитување на човековите права



Прослава Св. Саве у Струмици

Горе: Прослава у струмичкој гимназији. Доле: Снимак у гимназијском по завршетку службе, за време говора професора, који је у речи захвалио поглавару среза за поклон у књигама

Proslava Sv. Save u Strumici

Gore: Proslava u strumičkoj gimnaziji. Dole: Snimak u gimnazijskom završetku službe za vreme govora profesora, koji je u hvalio poglavaru sreza za poklon u knjigama

# Струмичко 1919-1941

**Струмичани биле поделени и се убивале меѓусебно**

За тогашната власт се бореле: Илија Кацарев/Кацарски, Божин Попов, Алил Пеливанов, Мане Хаџиев, Панчо Цветков, Иван Палошов, Велко Пецев, Пенџо Туџаров, Георги Митев, Алил Алиев

Против нив се бореле припадниците на ВМРО

Припадниците на Комунистичката Партија на Југославија делувале илегално

Боро Поцков, војник во Белград, Кралство Југославија



Недемократски систем и внатрешни поделби и омраза создале состојба во која струмичани меѓусебно се мачеле и убивале

Во Европската Унија, 23 август е ден за сеќавање на жртвите на тоталитарни и авторитарни режими




# Струмичко 1941-1944

Струмичани биле поделени

Со власта биле Димитар Ѓузелов, Кирил Динков, Коте Пецанов, Благој Запров, Атанас Стојанов, Томо Иванов, Стојан Маџунков, Димитар Панов, Ефтим Бојчев, Илија Чилиманов, Ванчо Митев, Павле Азманов, Славчо Азманов, Гоце Митев, Панде Николов, Глигор Стаменов. Манчо Калпаков, Мирчо Лазаров, Васил Карчев и др

Од 1941 до 1944 година биле убиени Благој Јанков, Герас Цунев, Борис Џонев и Сандо Масев (Масев најверојатно починал во болница како резултат на претепување)

Струмица, 1941, Одбележување празник во сегашен Парк до зграда на општина Струмица



Омраза на идеолошка основа предизвикала да продолжи спиралата на суровост помеѓу граѓаните на Струмица

Демократски Институт за Општествени и Политички Анализи Струмица

Универзална декларација за човековите права на ООН од 1948
Член 5
Никој не смее да биде предмет на мачење, нечовечки и понижувачки третман или казна


Димитар Ѓузелов

# Струмичко 1941-1945

Новата југословенска власт, во 1945 година, ги осудила на смрт Ефтим Бојчев, Димитар Панов, Славчо Азманов, Манчо Калпаков, Мирчо Лазаров и Димитар Ѓузелов

Мирчо Лазаров бил осуден како непосреден убиец на Благој Јанков, а Манчо Калпаков како помагач во убиството на Јанков

Судени биле и лица како Стојан Маџунков, Ванчо Митев, Павле Азманов и Панде Николов на кои им бил конфискуван имотот

Благој Јанков како војник на Кралство Југославија


Насилството покренало спирала во која струмичани меѓусебно се измачувале и убивале

Демократски Институт за Општествени и Политички Анализи Струмица

ЕУ

Крајната цел на откривање и оценување на злосторствата направени од комунистички тоталитарни режими е **помирување**, кое може да се постигне преку признавање одговорност, барање простување и засилување на обнова на моралот

# Струмичко 1945-1951



Поделбата на струмичани на идеолошка основа предизвикала злосторство врз 5 млади струмичани кои биле измачувани и убиени

Документ на ЦИА за убиството на петте студенти

Mirco Topcev, who was employed as a carpenter in the Town Carpenter's Cooperative, was ordered to accompany the coffins and to identify the corpses. Topcev related later that each of the dead students had several bullet wounds in the head, and that there were bruises on each of the bodies. The throat of Belev had been cut, and all the fingers of both of Georgi Jarmov's hands had been cut off.

**Почит, емпатија и заштита на човековите права и достоинство треба да биде наша водилка, дури и во најтешки ситуации**

UN SG/SM/20241
10 SEPTEMBER 2020